Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 29.05.2024

На 28.05.2024 во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода П.К.(36) и К.К.(40), двајцата од Струмица. При претрес во домот во с.Банско, во кој привремено престојува П.К., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, шприц исполнет со црна материја, насадени стебла од растението канабис и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Додека, при претрес во нивниот дом во Струмица, извршен исто така со судска наредба, а во кој бил затекнат К.К., биле пронајдени и одземени марихуана, две дигитални ваги и дробилка со остатоци од марихуана, воздушна пушка „Гамо‟ и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Лицата биле задржани во полициска станица и во координација со јавен обвинител против нив е поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик – „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟.

На 28.05.2024 во 02.20 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го приведоа А.А.(23) од Кичево. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Кичево поради бегство од Казнено – поправната установа Затвор Идризово, каде што издржувал казна затвор од две години и девет месеци за сторени кривични дела „разбојништво‟ и „кражба‟. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Идризово за доиздржување на казната.

На 29.05.2024 во 01.50 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.С.(22) од Битола. Тој се сомничи дека на 28.05.2024 околу 20.30 часот во продажен објект на ул.„Апостол Здравески”, со употреба на сила, од вработената В.Б.(45) од Битола одзел пари од дневниот промет. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.05.2024 во 15.45 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Л.(34) од Скопје, затоа што при извршена проверка во оперативната евиденција било констатирано дека бил баран од Секторот за меѓународна полициска соработка - Интерпол за издржување на затворска казна за сторено кривично дело по член 247 од Кривичниот законик. Тој бил предаден во СВР Куманово, по што бил спроведен во Казнено - поправна установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 28.05.2024 во 16.30 часот на улица „Саво Тасевски‟ во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода И.А.(19), Б.Е.(19) и М.М(19), сите од тетовско Синичане, затоа што кај нив е пронајдена и одземена марихуана. Тие се задржани во полициска станица за понатамошна постапка и против нив ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (28.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 92 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 11 санкции, седум санкции за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 28.05.2024 во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Тризла‟ во Прилеп, мотоцикл „хамачи” без регистарски ознаки, управуван од малолетник од Прилеп, удрил во пешакот Г.М.(68) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Г.М. и била пренесена во Градската болница Прилеп каде што подоцна починала, а со телесни повреди се здобил мотоциклистот. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 28.05.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Никола Карев‟ во Скопје, мотоцикл „хонда‟ со скопски регистарски ознаки, управуван од Ј.А.(26) од Скопје, удрил во пешакот Е.Д.(67) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Е.Д., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски‟. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.05.2024 околу 13.30 часот во Полициската станица Валандово било пријавено дека во двор на основно училиште во Валандово, мотоцикл, управуван од малолетник од Валандово, удрил во малолетен пешак од с.Пирава, валандовско. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Валандово. Увид бил извршен.

На 28.05.2024 во 12.00 часот во ОВР Гостивар, Н.А.(57) од Гостивар пријавила дека на улица ,,Душко Поповиќ" во Гостивар била касната од куче скитник.

На 28.05.2024 во 22.30 часот во СВР Велес, Е.Н.(39) од Велес пријавила дека во Младински парк во Велес била касната од куче скитник.

На 28.05.2024 во 11.43 часот во СВР Тетово, М.Н пријавил дека при изведување градежни работи и ископ на пат на улица „ЈНА‟ во Гостивар пронашол повеќе експлозивни направи. Увид извршила екипа од ОВР Гостивар, а пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување констатирал дека станува збор за 29 гранати калибар 100 мм од германско производство, кои потекнуваат од Првата светска војна. Гранатите биле безбедно подигнати за понатамошна постапка.

На 28.05.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 15 прекршоци, од кои 12 надвор од населено место и 3 во населено место. Санкционирани биле и 10 други видови на прекршоци.

На 28.05.2024 во 22.40 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.Е.(27), а денеска (29.05.2024) во полициска станица бил извршен службен разговор со малолетник, двајцата од Скопје. Тие се осмничат дека на 28.05.2024 околу 22.00 часот физички нападнале двајца малолетеници на подрачјето на Чаир, по што се обиделе еден од нив да внесат во патничко возило „бмв‟. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против О.Т.(54) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 01.12.2023, полициски службеници извршиле преглед на автобус, кој сообраќал на релација Градско-Прилеп, а со кој патувал пријавениот, при што кај него пронашле и одзеле 45 шишиња метадон.

На 28.05.2024 во 10.05 часот во СВР Скопје, 44-годишен маж од Скопје пријавил дека во семејниот дом на подрачјето на општина Аеродром, поради нарушени односи, бил физички нападнат од неговата сопруга Ј.Р.(49) од Скопје и од нивната малолетна ќерка, кои оштетиле и дел од покуќнината. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.А.(62) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟ и против Х.Ш.(64) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги‟. На 06.08.2022 кај с.Тркање, првопријавениот продал хероин за сума од 1.000 денари на две лица, кои го користеле во автомобилот на второпријавениот.

На 28.05.2024 во 16.25 часот во СВР Скопје, С.А.(29) од Скопје пријавила дека пред полициски објект на подрачјето на Центар, додека го управувала нејзиното патничко возило „цитроен‟ со скопски регистарски ознаки, настанал пожар. Пожарот бил изгаснат со интервенција на полициски службеник со противпожарен апарат, а потоа и од Бригадата со противпожарна заштита Скопје. Повредени лица нема, а полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.М. (37) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама‟. На 15.05.2024, пријавениот ѝ се јавил на 76 – годишна жена, ѝ се претставил како инспектор во полиција во Охрид, при што ја известил дека нејзината внука направила сообраќајна несреќа во Охрид во која прегазила дете мигрант, чии родители барале пари. Истиот ден, кај оштетената дошло друго лице на кое таа му дала 398.000 денари.

Денеска (29.05.2024) во 03.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Касарната Ѓорче Петров настанал пожар во еден објект. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.05.2024 во 22.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на општина Бутел, едно лице со закана кон вработена одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Џ.С. (23) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво‟. На 15.05.2024 во Штип, пријавената со закана со остар предмет од Л.М. одзела паричник со пари и лични документи.

На 28.05.2024 во 17.15 часот во СВР Скопје, Ч.С.(63) од Скопје пријавила дека околу 15.20 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила ѝ одзело накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Д. (32) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 16.12.2022, полициски службеници извршиле преглед на друго лице, при што бил пронајден и одземен хероин, кој претходно го набавил од пријавениот.

На 28.05.2024 во 16.00 часот во Полициската станица Центар, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечила нивната штитеничка Ѓ.А.(15), која и претходно повеќе пати се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против А.Б.(41) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука‟. На 19.05.2024, пријавениот телефонски ја вознемирувал неговата поранешна сопруга, упатувајќи ѝ закани и на тој начин не се придржувал кон судската одлука донесена од Основен суд Штип за заштита на жртва од семејно насилство во траење од шест месеци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Ј.Д.(32) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница‟. На 20.05.2024 во угостителски објект, по претходна расправија, пријавениот со нож го повредил М.Д.(24).

На 28.05.2024 во 14.15 часот во СВР Скопје, В.Т.(62) од Скопје пријавила дека околу 12.45 часот на подрачјето на Гази Баба, едно лице со употреба на сила ѝ одзело накит, по што паднала и се повредила. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против П.И.(24) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „противправно лишување од слобода‟, „полова злоупотреба на немоќно лице‟ и „злоупотреба на лични податоци‟. На 23.05.2024 во Битола, пријавениот противправно држел лице со нарушено ментално здравје во неговиот дом, каде го навел да изврши полово дејствие, кое го снимил и споделил на социјални мрежи.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.Р. (49) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем‟. Во периодот од 20.02. до 15.03.2024, пријавениот неовластено навлегол во компјутерскиот систем на женско лице, при што во девет наврати неовластено ја употребил нејзината платежна картичка на повеќе локации во Кичево и се стекнал со противправна имотна корист во износ од 5.329 денари.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет